# А.Д. РАДЕ КОНЧАР – АПАРАТНА ТЕХНИКА

Акционерско друштво за проектирање и производство на електрични производи и опрема
Скопје – Македонија


Т. 7

**СОБРАНИЕ НА АД**

ПРЕДЛОГ

Врз основа на чл. 442 и 443 од Законот за трговски друштва како и чл. 60, став 1, точка 2 од Статутот на Акционерското друштво Раде Кончар – Апаратна Техника – Скопје, Собранието на Акционерското друштво на седницата одржана на ден 21.11. 2018 година, ја донесе следната

## О Д Л У К А
## за намалување на основната главнина на Друштвото

1) Се намалува основната главнина на АД Раде Кончар-Апаратна техника-Скопје од 5.155.750 евра на 4.124.600 евра или во денарска противвредност, по среден курс на НБРМ од 61,4950, сметано во денари од 314.319,230 денари на 250.908.661 денари.

2) Намалувањето ќе се изврши со намалување на номиналниот износ на акцијата од 25 евра за една обична акција, на 20 евра.
Намалениот номинален износ по една акција ќе изнесува 5 евра по акција или 307,475 денари по акција.

3) Вкупното намалување на основната главнина ќе се добие кога вкупниот број на акции 206 230 го помножиме со намалената номинална вредност на акцијата од 5 евра по акција или 307,475 денари по акција или вкупното намалување на основната главнина ќе изнесува 1.031.150 евра или 63.410.569 денари.

4 )Намалувањето на основната главнина се врши со цел на акционерите да им се врати намалената основна главнина  и тоа за секоја обична акција по 5 евра односно 307,475 денари по акција.
На акционерите ќе им биде исплатена намалената главнина по исполнување на условите од чл.447 од ЗТД.

5) За донесување на оваа одлука согласно член 443 од ЗТД, став 1, потребно е мнозинство на 2/3 од акциите со право на глас преставени на собранието.

6) Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето.


Бул. III Македонска Бригада бб, 1000 Скопје, Република Македонија, тел.+389 (0)2 2462 412; + 389 (0)2 2463 560; факс.+389 (0)2 2464 622

**А.Д. РАДЕ КОНЧАР – АПАРАТНА ТЕХНИКА**
Акционерско друштво за проектирање и производство на електрични производи и опрема
Скопје – Македонија

**Образложение**

Акционерското друштво Раде Кончар – Апаратна техника – Скопје врз основа на правосилна Пресуда на Апелациониот суд-Скопје ТСЖ бр.1736/17 од 07.12.2017 година и Пресудата на Врховниот суд на РМ Рев1 бр.51/2018 од 21.06.2018 година, приходуваше износ од 189.662.518 денари на име главен долг како и процесни трошоци и трошоците во постапката, што вкупно изнесува 190.619.000 денари по основ на истапување на АД Раде Кончар-Апаратна техника-Скопје како содружник од друштвото ДОО Раде Кончар – Сервис и поправка на електрични производи-Скопје.
На Собранието на акционери одржано на ден 20.08.2018 година беше донесена одлука бр. 0201-75 од 21.08.2018 година , со која се овластува Одборот на директори да изврши корекција на годишната сметка и финансиските извештаи за 2017 година со цел да износот од 189.662.518,00 денари, добиен по правосилна Пресуда на Апелациониот суд-Скопје ТСЖ бр.1736/17 од 07.12.2017 година и Пресудата на Врховниот суд на РМ Рев1 бр.51/2018 од 21.06.2018 година, се прикаже како приход во деловната 2017 година, па согласно законските прописи и Меѓународните сметководствени стандарди се утврди добивката, нејзината распределба согласно Законот и Статутот како и исплатата на дивиденда со утврдување на износот на дивиденда по акција и дивиденден календар,
Со новата корегирана Годишна сметка за 2017 година, АД Раде Кончар – Апаратна техника прикажа нето добивка од 89.076.337 денари од кој износ ќе се изврши распределба на добивката и ќе се подели дивиденда на акционерите.
Со оглед на тоа дека од наплатената сума по основ на наведените судски одлуки по распределбата на добивката, остануваат средства на сметката на друштвото, истите би се поделиле на акционерите, сразмерно спрема бројот на акциите на секој акционер, како што е наведено во диспозитивот на оваа Одлука.

**СОБРАНИЕ НА АД**
**Претседавач**